# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС
## за период од 01.01-31.12.2022 година

Скопје, март 2023 година

**Состојба на средствата и обврските на ден 31-12-2022 година**

| **СРЕДСТВА** | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Градежни објекти, опрема , возила | 58.483.036,00 | 49.701.006,00 |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од купувачи | 29.560.802,00 | 27.316.486,00 |
| Други побарувања | 99,00 | 146,00 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | 13.009,00 | 27.178,00 |
| Останати средства и АВР | 0,00 | 22.321,00 |
| Парични средства | 79.773.922,00 | 86.992.582,00 |
| Останати вложувања | 9.230.000,00 | 9.230.000,00 |
| Материјали на залиха | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **177.060.868,00** | **173.289.719,00** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | |
| Деловен фонд | 58.483.036,00 | 49.701.006,00 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите – добивката | 88.653.883,00 | 95.931.423,00 |
| Нето добивка | 0,00 | 0,00 |
| Тековни обврски | | |
| Обврски кон добавувачи | 735.708,00 | 735.095,00 |
| Други краткорочни обврски | 69.029,00 | 150.637,00 |
| ПВР | 29.119.212,00 | 26.771.558,00 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | **177.060.868,00** | **173.289.719,00** |

**Биланс на приходи и расходи за период од 01-01 до 31-12-2022 година**

| **А. ПРИХОДИ** | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Приходи од членарина , Закуп и услуги | 16.033.255,00 | 17.404.238,00 |
| Приходи од проекти | 1.240.538,00 | 1.872.345,00 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 725.835,00 | 498.612,00 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 0,00 | 1.111.179,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 17.999.628,00 | 20.886.374,00 |
| **Б. РАСХОДИ** | | |
| Материјални расходи , енергија и услуги | 8.558.184,00 | 8.201.683,00 |
| Трошоци за собрание, конференции, Семинари и обуки | 1.873.262,00 | 673.234,00 |
| Трошоци за дизајн , печатење | 786.208,00 | 658.393,00 |
| Трошоци за интелектуални услуги, Надокнада за елеборати, ревизори, Експерти, нотарски услуги | 185.680,00 | 231.175,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка , членување во меѓународни организации, | 644.165,00 | 921.220,00 |
| Набавка на опрема | 180.441,00 | 10.290,00 |
| Трошоци за вработени | 12.683.831,00 | 10.694.099,00 |
| Даноци кои независат од резултатот, Негативни курсни разлики , | 352.224,00 | 243.891,00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | 25.263.995,00 | 21.633.985,00 |
| **Остварен вишок на приходи** | 0,00 | 0,00 |
| **Непокриени расходи** | 7.264.367,00 | 1.858.790,00 |

Финансиските извештаи се составени во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

**Основни средства**

Основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност, а се ревалоризираат со пропишаниот коефициент на пораст на цените на индустриските производи. Ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства , односно нивната набавна вредност и исправката на вредноста, во 2022 година е извршена со коефициентот на ревалоризација кој изнесува 0,198, а новонабавените основни средства во текот на годината, се ревалоризирани со месечниот позитивен коефициентот.

Амортизацијата се пресметува по стапки пропишани со закон , за секое поединечно основно средство. Законски пресметаната амортизација во 2022 година изнесува 1.048.824,00 денари. Сегашната вредност на основните средства на 31 декември 2022 година изнесува 58.483.036,00 денари.

Вредноста на постојаните средстава во 2022 година е зголемена за 17,67% во однос на 2021 година . Зголемувањето на вредноста на основните средства е резултат на ефектот на ревалозирација кај основните средства, особено кај основните средства со ниска стапка на аморитизација, заради високиот коефициент во 2022 година. Ефектот на ревалоризација изнесува 9.651.110,00. Во 2022 година, набавено е средство во износ од 180.441,00 денари.

**Тековни средства**

**Побарувања од купувачи**

Билансната позиција побарувањата од купувачи, опфаќа побарување по основ на ненаплатена членарина, како и други побарувања од општините и истата изнесува 29.560.802,00 денари. Побарувањата по основ на членарина за тековната 2022 година, како и за изминатите години, изнесуваат 27.620.968,00 денари. Значителен дел од овие побарувања во износ од 10.369.646,00 денари или 37.54% се побарувања кои се отплатуваат на рати, а врз основа на потпишани спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати. Во изминатата 2022 година потпишани се пет нови спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати.

Побарувањата од закуп на деловен простор, заклучно со 31 декември 2022 година изнесуваат 98.576,00 денари, а произлегуваат од договорот за закуп на деловен простор, склучен помеѓу ЗЕЛС и општина Карпош, во 2009 година.

Побарувањето за повеќе платени даноци изнесува 13.009,00 денари и е резултат на платени аконтации на данок на добивка во текот на 2018 година. Од 2019 година наваму, ЗЕЛС утврдува годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации.

**Парични средства**

Паричните средства вклучуваат готовина во благајна и парични средства на сметките во комерцијалните банки. Паричните средства во странска валута се искажуваат по курс на Народна банка на денот на билансирањето .

Трансакциите направени во странски средства за плаќање , се пресметуваат во денари на денот на настанот. Курсните разлики настанати во текот на годината се искажуваат во билансот на успех како приходи и расходи .

**Останати вложувања**

Краткорочните финансиски вложувања се состојат од орочен денарски депозит во домашни комерцијални банки во износ од 9.230.000,00 денари.

**Извори на средства**

Обврските спрема добавувачи изнесуваат 735.708,00 денари. Сите овие обврски се платени во текот на јануари 2023.

На билансната позиција други краткорочни обврски се евидентирани обврските по годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации и данок на додадена вредност за четвртото тримесечие од 2022 година, во износ од 69.029,00 денари. Обврската за годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации за 2022 година се пребива со повеќе платениот данок од минатите години, со минимална доплата во оваа година. Обврската за данок на додадена вредност, воизнос од 55.856,00 денари е платена во 2023 година, согласно рокот за плаќање на обврската.

Пасивните временски разграничувања претставуваат одложени приходи како резултат на настанатите побарувања по основ на членарина, закупнина и обуки кои не се наплатени до 30 јануари 2022 година и истите изнесуваат 29.119.212,00 денари.

Деловниот фонд е траен извор на средствата и соодветствува со износот на основните средства.

Вишокот на непотрошените средства од изминатите години, а кои се наменети за извршување на активностите согласно стратешкиот план за ЗЕЛС, се евидентирани на билансната позиција нераспределен дел од вишокот на приходите и истите изнесуваат 88.653.883,00 денари.

**Приходи и расходи**

**Приходи**

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации и здруженија се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаваат во пресметковниот период според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, а се расположливи ако се остварени во пресметковниот период или 30 дена по истекот, но се однесуваат на пресметковниот период и служат за покривање на трошоците од тој пресметковен период. Според ова начело расходите се признаваат во пресметковниот период или 30 дена по истекот, под услов обврската за плаќање да настанала во тој период.

Во периодот од 01.01-31.12.2022 година ЗЕЛС го оствари следниот финансиски резултат :

| | |
|---|---|
| 1. Остварени приходи | 17.999.628,00 |
| 2. Остварени расходи | 25.263.995,00 |
| 3. Остварен вишок на приходи | 0,00 |
| 4. Непокриени расходи | 7.264.367,00 |

Во 2022 година, ЗЕЛС оствари вкупен приход во износ од 17.999.628,00 денари, што претставува намалување од 8,98% во споредба со 2021 година.

Во текот на 2022 година, остварените приходи во тековната година беа недоволни за покривање на остварените расходи. За покривање на трошоците за 2022 година, а заради

реализирање на предвидените активности, ЗЕЛС искористи 7.264.367,00 денари од нераспределената добивка остварена во минатите години.

ЗЕЛС своите активности ги финансира од членарина , сопствени приходи и приходи од проекти. Приходите по основ на членарина се наплаќаат од општините, а се пресметуваат врз основа на Одлука за утврдување на износот и методологијата за пресметка на годишната членарина, во согласност на бројот на жители по општини.

Приходите од извршени услуги се однесуваат на приходи од закупнини, кои се стекнати со давање под закуп на дел од сопствените простории, приходи од други услуги, како и приходи кои се остварени од спроведени обуки за градежно земјиште за претставниците на општинската администрација. Во текот на месец мај 2022 година, по објавен јавен повик, се спроведе почетна обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија. Надоместокот за обуката е пресметан согласно Одлуката за утврдување на надоместоците за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки согласно со Законот за градежно земјиште.

Приходите од проекти се наменски средства за однапред договорени активности .

Активностите на ЗЕЛС кои се одвиваа во текот на 2022 година, се финансирани од следниве извори:

- членарини од општините,
- приходи од извршени услуги,
- приходи од проекти

Приходите од членарина во 2022 година изнесуваат 13.547.516,00 денари. Вкупниот износ на наплатена членарина во 2022 година е помал од наплатената членарина во 2021 година за 8,8%, а се должи на фактот што сеуште се чувствуаат последиците од пандемијата, како и последиците од енергетската криза. Наплатената членарина која се однесува за 2022 година изнесува 10.141.196,00 денари и е приближно на ниво од 2021 година, односно има намалување од 1,62% во однос на минатата година. Намалувањето на приходите од членарина се должи пред се на намалена наплата на приходи од членарина од минатите години, кои во 2022 година изнесуваат само 19,67% од наплатените во 2021 година. Затоа ЗЕЛС и понатаму продолжува со активностите за зголемување на наплатата на заостанатиот долг по основ на членарина преку дадената можност за плаќање на заостанатиот долг на рати. Во 2022 потпишани се пет нови спогодби во износ од 4.858.812,00 денари.

Приходите од извршени услуги и издавање под закуп на деловен простор, наплатени во 2022 година, изнесуваат 2.325.589,00 денари. Дел од овие приходи во износ од 496.957,00 денари или 21,37%, се по основ на закуп на деловен простор, наплатени во 2022 година.

Надоместокот за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки, согласно со Законот за градежно земјиште, наплатен во 2022 изнесува 1.050.262,00 денари.

И во 2022 година, заради зголемување на курсот пред се на американскиот долар, приходите од курсни разлики се зголемени во однос на 2021 година. Нето ефектот на курсни разлики в оовој период изнесува 341.835,00 денари.

Во 2022 година ЗЕЛС оствари приходи во износ од 168.400,00 денари врз основа на Уредба за тековно одржување на софтверска апликација, што е за 27% повеќе во споредба со мината година.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ**

**Структура на приходите остварени во 2022 година**

| Приходи според извори | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 13,547,516.00 | 75.27 |
| Приходи од проекти | 1,240,538.00 | 6.89 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 894,235.00 | 4.97 |
| Приходи од извршени услуги | 2,317,339.00 | 12.87 |
| **Вкупно** | **17,999,628.00** | **100.00** |




Приходите добиени во рамките на проектите се наменски средства добиени за однапред договорени активности кои вработените во ЗЕЛС, заедно со своите членки, успешно ги реализираа и во изминатава година.

Во 2022 година, заради извршување на договорените проектни активности, евидентирани се следните приходи:

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТИ ВО 2022 ГОДИНА**

| ПРОЕКТ | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Promotion and scaling up of models for inclusion of minorities and other vulnerable group in the Western Balkans | 33,017.00 | 2.66 |
| UNDP- Проект Зајакнување на општинските совети | 657,600.00 | 53.01 |
| Studies and expert Funds ( Regional Learning for impelmentation of Agenda 2030 in the Western Balkans (particulary Nort Macedonis and Kosovo) | 129,347.00 | 10.43 |
| Eptisa Belgrad | 61,494.00 | 4.96 |
| Land steiermark Avstrija | 338,223.00 | 27.26 |
| Projet CLE EN MAINS Francija | 12,607.00 | 1.02 |
| Кожувчанка Доо Кавадарци | 8,250.00 | 0.67 |
| **Вкупно** | **1,240,538.00** | **100.00** |



Проектот Зајакнување на општинските совети, започна да се реализира во октомври 2016 година. Целта на проектот е преку одржување на средби и тематски работилници со општинските советници , да се зголеми ефикасноста на општинските совети во нивната улога на надзор, со што би се зголемила ефикасноста во исполнувањето на потребите на граѓаните. Проектот е поддржан од УНДП - Канцеларија во Скопје, со времетраењето на проектот до јуни 2020 година. Во текот на месец мај 2020 година потпишан е анекс договор, со кој се продолжува времетраењето на проектот до крајот на ноември 2021 година , а вкупниот буџет е зголемен за 20.400,00 долари.

Во месец август 2022 година склучен е нов договор за проектот Зајакнување на општинските совети Фаза 2

Во 2022 година, како и изминатите години, ЗЕЛС продолжи со активностите за размена на искуства помеѓу асоцијациите во Југоисточна Европа. Проектот е поддржан од НАЛАС. Годишниот буџет изнесува 6.000,00 евра.

И во 2022 година продолжува договорот помеѓу НАЛЕД и ЗЕЛС за реализирање на проектот со скратен назив „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан. Проектот преку НАЛЕД е финансиран од Германската Агенција за меѓународен развој –ГИЗ. Целта на проектот е воспоставување на економски исплатлив синџир на рециклирање на стакло. За таа цел се реализираат низа на активности, како поставување на контејнери за стакло во пилот општините (во соработка со Пакомак Скопје), кампања за едукација на населението за важноста од селектирање, обука на јавните комунални претпријатија за развивање на бизнис модели за успешно управување со отпадот од стакло. Проектот заврши на 31 декември 2022 година

Проектот "Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агенда 2030 и принципот Никој да не биде изоставен" е имплементиран од ЗЕЛС и Налас- Мрежа на асоцијации на локалните власти во Југоисточна Европа, во соработка со Германската агенција за меѓународен развој - ГИЗ. Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за примена на успешни пристапи за зајакнување на економските, социјалните и културните човекови права на ранливите групи, како и интегрирање на принципот „Никој да не биде изоставен„ во процесите на планирање и донесување на одлуки. Периодот на имплементација на проектот е од 1 мај 2020 година до 30 април 2022 година, а вкупниот буџет изнесува 10.575,00 евра.

Примарна цел на проектот Промовирање и проширување на моделите за вклучување на малцинствата и други ранливи групи во Западен Балкан е да ги поддржи локалните самоуправи за подобрување на економските, социјалните и културните човекови права на нивните граѓани, во согласност со главниот принцип на Агендата 2030 Никој да не биде изоставен. Вкупниот буџет на проектот изнесува 1.600,00 евра. Овој проект заврши на крајот на декември 2021 година, но последната уплата беше извршена на почетокот на 2022 година во износ од 33.017,00 денари

Примарна цел на проектот Регионално учење за инплементација на Агендата 2030 во Западен Балкан особено Северна Македонија и Косово, е да ги подобри условите за спроведување на Агендата 2030 и известување до Западен Балкан преку регионална размена и учење со фокус на Северна Македонија и Косово. Вкупниот буџет на проектот изнесува 2.700,00 евра. И овој проект беше реализиран во текот на 2021 и 2022 година.

Во текот на 2022 година започна проектот Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги во вреднност од 3.000 евра, имплементиран од Ептиса Белград и ЗЕЛС. Целта на овој проект е обезбедување придонес во процесот на избор на општини кои добија поддршка и менторство за изработка на социјален план, придонес во процесот на изработка на социјалните планови за избраните општини, обезбедување поддршка во процесот на подготовка и испорака на обуките за општините, како и поддршка при организирање на обуките за претставиниците на општините.

Во текот на 2021 година беше склучен договор за имплементирање на проектот Вклучување и улога на јавните власти, граѓанското општество и волонтерите во време на криза,како и меѓународна СОЛИдарност – учење од Корона пандемијата, помеѓу ЗЕЛС и Land Steiermark Австрија, а започна во текот на 2022 година.

Во 2022 година продолжи соработката помеѓу ЗЕЛС и Кожувчанка Доо Кавадарци преку имплементација на договорот за поддршка на активностите на ЗЕЛС со донирање на добра од сопственото производство на Кожувчанка Доо Кавадарци. Вредноста на донацијата изразена во денари, изнесува 145.128,00 денари, согласно потпишаниот договор од 5 мај 2019 година, кој сеуште трае.

**Расходи**

Расходите во 2022 година изнесуваат 25.263.995,00 денари. И покрај економичното трошење на средствата, вкупните расходи се зголемени за 16,78% во споредба со минатата година. Зголемувањето на расходите се должи на реализацијата на одредени проекти и планирани активности на ЗЕЛС, како и одредени проектни задачи.

Структурата на трошоците во 2022 година, како и графичкиот приказ се следните:

| | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 94,366.00 | 0.37 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,211,350.00 | 4.79 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 546,803.00 | 2.16 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 6,381,150.00 | 25.26 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 786,208.00 | 3.11 |
| Услуги за превоз | 51,052.00 | 0.20 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 2,394.00 | 0.01 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 136,392.00 | 0.54 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,870,868.00 | 7.41 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 93,266.00 | 0.37 |
| Банкарски трошоци | 43,805.00 | 0.17 |
| Интелектуални услуги (надоknада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 185,680.00 | 0.73 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина , котизација ) | 606,411.00 | 2.40 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 37,754.00 | 0.15 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 12,683,831.00 | 50.21 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 180,441.00 | 0.71 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проект | 352,224.00 | 1.39 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 25,263,995.00 | 100.00 |




Трошоците за материјали, енергија и услуги, се направени за нормално извршување на активностите предвидени со акцискиот план на ЗЕЛС за 2022 година. Овие трошоци изнесуваат 8.558.184,00 денари. Во однос на 2021 година овие трошоци се зголемени за 4,35%. Нивното учество во вкупните трошоци и изнесува 33,87% Во рамките на оваа група на трошоци, намалување во однос на минатата година, бележат трошоците за материјали и трошоците за пошта, телефон и интернет. Ова намалување на трошоците за обавување на активностите на ЗЕЛС се должи пред се на рационално користење на средствата, како и заради постигнати пониски цени на тендерот за користење на интернет услуги . Вкупните средства кои ЗЕЛС во 2022 година ги издвои за тековно одржување на софтверите за електронско издавање на одобренија за градба, услуги за одржување на инфраструктурата на клауд системот, тековно одржување на софтвер за градежно земјиште, услугите за тековно одржување и надградба на веб страните за е-ствари и родово одговорно буџетирање, како и трошоците за извршени сервиси и поправки на средствата, изнесуваат 6.381.150,00 денари. Овие трошоци се поголеми за 4.84% во однос на минатата година, како резултат на повисоката цена на услуги за одржување на клауд системот.Зголемување на трошоците од оваа категорија на трошоци е евидентирано и кај трошоците за енергија кои се за 20,26% повисоки во однос на 2021 година, што е резултат на зголемената цена на електрична енергија.

Трошоците за дизајн и печатење на извештаи и ЗЕЛС гласило, во 2022 година се значително зголемени во споредба со 2021 година и истите изнесуваат 786.208,00 денари. Во 2022 година сите изданија на ЗЕЛС, како и ЗЕЛС гласило беа отпечатени. Нивното учество во вкупните трошоци се зголеми на 3,11% .

Трошоците за организирање на Годишно собрание на ЗЕЛС, за одржани конференции, семинари и обуки, во 2022 година изнесуваат 1873.262,00 денари. Овие трошоци се значително зголемени во споредба со 2021 година, пред се заради организирање на овие настани со физичко присуство на учесниците.

Трошоците за интелектуални услуги во 2022 година изнесуваат 185.680,00 денари и нивното учество во вкупните трошоци изнесува 0,73%. Во оваа група на трошоци спаѓаат надокнада за интелектуални услуги, како и трошоците направени за изготвување на ревизорски извештај.

Трошоците за меѓународна соработка опфаќаат трошоци околу членувањето на ЗЕЛС во меѓународни здруженија, како и трошоци за службени патувања во странство, заради учество на меѓународни конференции и тоа трошоци за авиобилети и за хотелско сместување и дневници за службен пат. Трошоците за меѓународна соработка, што претставуваат членување во меѓународни здруженија, изнесуваат 606.411,00 денари и се за 0,56% намалени во однос на минатата година. Трошоците за службен пат изнесуваат 37.754,00 деанри.

Во текот на 2022 година е евидентирано основно средство во износ од 180.441,00 денари.

Негативните курсни разлики во 2022 година изнесуваат 347.080,00 денари и претставуваат 1,37% од вкупните расходи.

**Вработени и бруто плати**

Според состојбата на крајот на месецот, просечниот месечен број на вработени во ЗЕЛС во 2022 година, изнесува 16 лица.

Во анализираниот период вкупниот износ на бруто плати на вработените, надоместоци и други лични примања, изнесува 12.683.831,00 денари. Износот на бруто плата, обезбеден од средствата добиени за реализирање на проектни активности, изнесува 1.001.856,00 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| NALAS | 2,98% |
| Проект SORI | 1,94% |
| NALED | 3,17% |

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2022 година | Реализирано во 2022 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 8,087,870.00 | 7,264,367.00 | 89.82 |
| Приходи од членарина | 16,180,240.00 | 13,547,516.00 | 83.73 |
| Приходи од проекти | 3,067,530.00 | 1,240,538.00 | 40.44 |
| Приходи од извршени услуги | 1,230,360.00 | 2,317,339.00 | 188.35 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 150,000.00 | 894,235.00 | 596.16 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **28,716,000.00** | **25,263,995.00** | **87.98** |
| РАСХОДИ | Планирано во 2022 година | Реализирано во 2022 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 685,000.00 | 94,366.00 | 13.78 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,500,000.00 | 1,211,350.00 | 80.76 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 365,000.00 | 546,803.00 | 149.81 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7,946,000.00 | 6,381,150.00 | 80.31 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,350,000.00 | 786,208.00 | 58.24 |
| Услуги за превоз | 60,000.00 | 51,052.00 | 85.09 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30,000.00 | 2,394.00 | 7.98 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 230,000.00 | 136,392.00 | 59.30 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,600,000.00 | 1,870,868.00 | 116.93 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 150,000.00 | 93,266.00 | 62.18 |
| Банкарски  трошоци | 80,000.00 | 43,805.00 | 54.76 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 450,000.00 | 185,680.00 | 41.26 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 950,000.00 | 644,165.00 | 67.81 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 13,200,000.00 | 12,683,831.00 | 96.09 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 120,000.00 | 180,441.00 | 150.37 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики,вратени средства од проект | 0.00 | 352,224.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28,716,000.00** | **25,263,995.00** | **87.98** |

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2021 И 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 1,858,790.00 | 7,264,367.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 10,307,954.00 | 10,141,196.00 | 98.38 |
| Приходи од проекти | 1,868,408.00 | 1,240,538.00 | 66.40 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 2,420,796.00 | 2,317,339.00 | 95.73 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 4,546,825.00 | 3,406,320.00 | 19.67 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 631,212.00 | 894,235.00 | 141.67 |
| **Вкупно** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** | **116.78** |

| РАСХОДИ | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 116,107.00 | 94,366.00 | 81.28 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 968,414.00 | 1,211,350.00 | 125.09 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 674,923.00 | 546,803.00 | 81.02 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,086,281.00 | 6,381,150.00 | 104.84 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 658,393.00 | 786,208.00 | 119.41 |
| Услуги за превоз | 43,827.00 | 51,052.00 | 116.49 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 8,787.00 | 2,394.00 | 27.24 |
| Трошоци за службени весници, огласи и објави | 167,584.00 | 136,392.00 | 81.39 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 664,447.00 | 1,870,868.00 | 281.57 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 98,759.00 | 93,266.00 | 94.44 |
| Банкарски трошоци | 45,788.00 | 43,805.00 | 95.67 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 231,175.00 | 185,680.00 | 80.32 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација) | 910,390.00 | 606,411.00 | 66.61 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 10,830.00 | 37,754.00 | 348.61 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10,694,099.00 | 12,683,831.00 | 118.61 |
| Набавка на опрема , опрема за ИКТ , софтверски апликации | 10,290.00 | 180,441.00 | 1,753.56 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 243,891.00 | 352,224.00 | 144.42 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** | 116.78 |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **0.00** | **0.00** | |

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ПО ГОДИНИ ВО ПЕРИОД 2018-2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2018 година | Реализирано во 2019 година | Реализирано во 2020 година | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1,858,790.00 | 7,264,367.00 |
| Приходи од членарина од тековна година | 9,347,130.00 | 10,273,220.00 | 10,350,415.00 | 10,307,954.00 | 10,141,196.00 |
| Приходи од проекти | 2,112,022.00 | 4,073,521.00 | 3,792,917.00 | 1,868,408.00 | 1,240,538.00 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 3,070,906.00 | 1,420,202.00 | 2,036,735.00 | 2,420,796.00 | 2,317,339.00 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 8,203,333.00 | 28,032,171.00 | 5,987,020.00 | 4,546,825.00 | 3,406,320.00 |
| Финансиски пригоди (приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба) | 401,966.00 | 480,484.00 | 342,349.00 | 631,212.00 | 894,235.00 |
| Вкупно | **23,135,357.00** | **44,279,598.00** | **22,509,436.00** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2018 година | Реализирано во 2019 година | Реализирано во 2020 година | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 245,993.00 | 181,923.00 | 139,075.00 | 116,107.00 | 94,366.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода, друго) | 888,952.00 | 859,576.00 | 824,461.00 | 968,414.00 | 1,211,350.00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 907,736.00 | 1,011,267.00 | 800,327.00 | 674,923.00 | 546,803.00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 4,076,302.00 | 6,188,033.00 | 6,526,971.00 | 6,086,281.00 | 6,381,150.00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 865,473.00 | 980,888.00 | 251,841.00 | 658,393.00 | 786,208.00 |
| Услуги за превоз | 53,375.00 | 92,605.00 | 25,910.00 | 43,827.00 | 51,052.00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 6,963.00 | 20,900.00 | 3,510.00 | 8,787.00 | 2,394.00 |
| Трошоци за наем на простор и опрема (од 2010 трошоци за канцеларија во Брисел ) | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 172,259.00 | 175,922.00 | 36,350.00 | 167,584.00 | 136,392.00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување, опрема и храна) | 1,329,554.00 | 1,091,162.00 | 230,042.00 | 664,447.00 | 1,870,868.00 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 130,336.00 | 116,294.00 | 88,587.00 | 98,759.00 | 93,266.00 |
| Банкарски трошоци | 36,818.00 | 43,789.00 | 36,995.00 | 45,788.00 | 43,805.00 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 431,733.00 | 192,350.00 | 140,790.00 | 231,175.00 | 185,680.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 544,661.00 | 790,613.00 | 619,495.00 | 910,390.00 | 606,411.00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 154,118.00 | 244,632.00 | 6,994.00 | 10,830.00 | 37754 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 9,994,991.00 | 10,691,154.00 | 11,034,670.00 | 10,694,099.00 | 12,683,831.00 |
| Набавка на опрема , опрема за симултан превод, ИКТ опрема , софтверски апликации, мебел, возило | 568,200.00 | 1,416,865.00 | 81,407.00 | 10,290.00 | 180,441.00 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 45,306.00 | 170,110.00 | 426,929.00 | 243,891.00 | 347,080.00 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години,вратени средства од проект, трошоци по пресуда | 376,725.00 | 0.00 | 113,536.00 | 0.00 | 5,144.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **20,829,495.00** | **24,268,083.00** | **21,387,890.00** | **21,633,985.00** | **25,263,995.00** |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **2,305,862.00** | **20,011,515.00** | **1,121,546.00** | **0.00** | **0.00** |

**Скопје, март 2023 година**